Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за буџети и фондови –

Архивски број: 08-6003/2
Датум: 20-11-2020

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 23-11-2020
Орг. Един. / Njësia Org.: 43
Број: / Numër: 8938
Прилог: / Shtojcë: 4
Вредност: / Vlerë:

До: Влада на Република Северна Македонија

Предмет: Мислење
Врска: Допис на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, бр.43-8938/1 од 28.09.2020 година

Почитувани,

Во врска со дописот на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доставен под горенаведениот број и датум, со кој се доставува Предлог – иницијативата на Македонскиот центар за меѓународна соработка по однос на Годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, Министерството за финансии го дава следното мислење:

Со Предлог – иницијативата, Македонскиот центар за меѓународна соработка предлага реформирање на системот на државно финансирање на граѓанските организации преку зголемено државно финансирање на граѓанските организации и реформа на системот за доделување на средства за граѓански организации.

Потребата од зголемување на средствата кои се одвојуваат за граѓанските организации се образложува со споредбени анализи за државното финансирање во Република Северна Македонија и со земјите од регионот, како и со фактот што средствата кои во моментот се одвојуваат од страна на државата не се доволни и соодветни за потребите на граѓанските организации. Поради тоа се предлага постепено зголемување на средствата почнувајќи од 15 милиони евра во 2021, до најмалку 30 милиони евра во 2024 година. Во оваа насока Министерството за финансии укажува дека преку Буџетот на Република Северна Македонија континуирано се одвојуваат финансиски средства за финансирање на граѓанските организации во зависност од тековната економска ситуација и расположливите финансиски средства.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 522
www.finance.gov.mk

Истовремено, во однос на предлогот за подобрување на институционалната поставеност преку формирање на Национална фондација или Фонд за развој на граѓанско општество, Министерството за финансии известува дека не го поддржува предлогот и укажува на задржување на веќе воспоставениот модел, преку Одделението за соработка со невладини организации.

Со почит.

Министер за финансии
Dr. Fatmir Besimi

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за финансии - Скопје / Ministria e financave - Shkup
IV

Изработил: Оливера Маркоска Ивановски
Проверил: Тоше Пановски
Согласен: Тања Трипунова

Проверил: Dr.Shiret Elezi
м-р Јулијана Петановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 522
www.finance.gov.mk